Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за објавување на Програма за активностите на Општина Карпош во областа на информатичката технологија за 2026 година**

1. Се објавува Програма за активностите на Општина Карпош во областа на информатичката технологија за 2026 година, донесена на 6. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26 декември 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-11062/1**
**Датум:29.12.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/2024), Советот на Општина Карпош на 6. седница, одржана на 26 декември 2025 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за активностите на Општина Карпош**
**во областа на информатичката технологија за 2026 година**

| **1.** | ОДРЖУВАЊЕ И НАДГРАДБА НА ПОСТОЕЧКИ ИТ-СИСТЕМИ И МОДУЛИ |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Општина Карпош располага со повеќе ИТ-системи и модули кои се неопходни за функционирањето на општината односно услугите кои се нудат на граѓаните.<br>Со пуштањето во употреба на новата општинска зграда општина Карпош цели да биде најсовремената ИТ општина во државата.<br>Планирано е опремување на општината со најсовремените компјутерски системи со цел непречено и поефикасно овозможување на услугите кои ги нуди локалната самоуправа.<br>Постоечките системи ќе се одржуваат и унапредат но и ќе се набават нови модули и софтверски решенија согласно потребите на администрацијата за овозможување на подобри услуги кон граѓаните. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Со цел да се унапреди ефикасноста и точноста во работата на стручните служби, како и да се подобрат услугите кои општината ги обезбедува за граѓаните, потребно е тековно одржување и надградба на постоечките ИТ-системи и модули кои се имплементирани во општината. |
| **Очекувани резултати:** | Подобрување на услугите кои ги нуди општината |
| **Целна група:** | Вработени во општинската администрација, правни и физички лица кои имаат потреба од услугите на општината. |
| | 3.000.000,00 денари |

| **2.** | НАБАВКИ НА СОФТВЕР ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА<br>(Лиценци за сервери, оперативни системи, autocad, и др.) |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Потреба од соодветни лиценци и нови софтверски решенија ќе се утврдува зависно од потребата на администрацијата |
| **Целна група:** | Сите сектори |
| | 2.000.000,00 денари |

| 3. | НАБАВКА НА ХАРДВЕР И ХАРДВЕРСКИ КОМПОНЕНТИ ВО ИТ- СИСТЕМОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Важноста на техничкото одржување на компјутерската опрема лежи во одржувањето на оперативноста на компјутерот како целина, и одделно на неговите компоненти.<br>Компонентите на компјутерот имаат потреба од постојана контрола и следење на неговата техничка состојба, бидејќи перформансите на која било од компонентите се ограничени со различен работен век, но со навремено одржување, компонентите на компјутерот ќе служат за пропишаниот работен век. Поради континуирано извршување на секојдневните работни задачи на вработените во општинската администрација, потребно е да се направи редовно одржување и сервисирање.<br><br>Набавка на хардвер и хардверски компоненти за потребите на вработените во Општина Карпош, поради обновување и замена на старите и нефункционални хардвери со нови за извршување на секојдневните работни задачи на вработените во општинската администрација.<br>• Набавка на хардвер (компјутери, лаптопи)<br>• Набавка на хардверски компоненти (печатачи, скенери, плотери, мултифункциски уреди, проектори, дронови и др.)<br>• Резервни делови за хардвер |
| **Целна група:** | Сите вработени кои поседуваат компјутери или други електронски уреди во Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 1.000.000,00 денари |

| | |
|---|---|
| **4.** | ОДРЖУВАЊЕ НА СИСТЕМ ЗА ЕВИДЕНЦИЈА НА РАБОТНО ВРЕМЕ И ВИДЕОНАДЗОР |
| **Опис на активности:** | Одржување на систем за евиденција на работно време и поради законска обврска за постоење на електронски систем за евиденција на работно време во институции со над 20 вработени. |
| **Целна група:** | Вработени во општинската администрација |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 600.000,00 денари |

| | |
|---|---|
| **6.** | ИТ ЕДУКАЦИЈА |
| **Опис на активности:** | Посета на курсеви и обуки. |
| **Целна група:** | Вработени во општинската администрација. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 200.000,00 денари |
| **7.** | BACK UP НА ПОДАТОЦИ – CLOUD решение |
| **Опис на активности:** | Складирање на податоци преку најсофистицирано ИТ решение – cloud (облак) |
| **Целна група:** | Вработени во општинската администрација, правни и физички лица кои имаат потреба од услугите на општината. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 1.500.000,00 денари |

| | |
|---|---|
| **8.** | UPS и Ладење на сервер соби |

| | |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Ладење на сервер соби и УПС напојување<br>(Сензор за температура?)<br>("Hot aisle / cold aisle" е метод за **распоредување на сервери во дата центар или сервер соба**, со цел да се **оптимизира ладењето** и да се **намали потрошувачката на енергија**) |
| **Целна група:** | Сите вработени во општина Карпош. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 900.000,00 денари |

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 9.200.000**

Број: 09-11690/18
Датум: 26.12.2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Христо Саракинов